**Даниела ИВАНОВА** **УДК: 323.118:341.24**

# ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ОСНОВА НА РАСА

**Апстракт:** Во трудот „Дискриминација врз основа на раса“ од Даниела Иванова, студент на втор циклус студии на Правниот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, е даден осврт на расната дискриминација, која како израз согласно со член 1 на Конвенцијата на Обединетите нации (ОН) за елиминирање на сите форми на расна дискриминација се однесува на секакво разликување, ограничување, исклучување, давање првенство што би се засновало врз раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, што би имало за цел да го нарушат или компромитираат уживањето, признавањето или вршењето на подеднакви услови на осовните човекови права или слободи на економско поле, социјално, културно или која било друга област од јавниот живот. Забраната на расната дискриминација е регулирана како во универзалните документи, така и во регионалните документи кои содржат забрана на ваков вид дискриминација, а воедно и судската практика на Европскиот суд за човекови права која досега во многу случаи се занимавала со прашањето за расната дискриминација.

**Клучни зборови:** *Директива, документи, Конвенција права, слободи*

**Daniela IVANOVA**

# DISCRIMINATION BASED ON RACE

**Abstract:** In the article “Discrimination based on race” by Daniela Ivanova, student of the second cycle of the Faculty of Law at the University “Goce Delchev” - Stip, a review of racial discrimination, which as an expression under Article 1 of the UN Convention on the Elimination of All forms of racial discrimination refers to any distinction, restriction, exclusion, preference which would be based on race, color, descent or national or ethnic origin, which would aim to disrupt or compromise the enjoyment, recognition or execution of equal conditions of axial human rights and freedoms in the economic field, social, cultural or any other field of public life. The prohibition of racial discrimination is regulated as in universal documents and regional documents containing prohibition of such discrimination, as well as the case law of the European Court of Human Rights which has in many cases dealt with the issue of racial discrimination.

**Keywords:** *Directive, documents, Convention rights, freedoms*

## Вовед

Дискриминација значи секое правење разлика, искористување или органичување на луѓето врз основа на нивните колективни идентитети со што го загрозува или оневозможува остварувањето или заштитата на нивните човекови права и слободи.

Заштитата од дискриминација претставува значајно прашање на кое меѓународната заедница посветува внимание уште во текот на минатиот век кога се донесени и голем број меѓународни документи со обврзувачки карактер за државите членки.

Еднаквоста на луѓето како природно право е втемелена во меѓународните стандарди со категорична забрана на дискриминацијата по која и да е основа.

Значајно прашање на кое посебно внимание посветува меѓународната заедница и тоа уште во текот на минатиот век, кога се донесени многубројни меѓународни документи е заштитата од дискриминација.

Правото на недискриминација првпат е востановено со Универзалната декларација  за правата на човекот на Организацијата на Обединетите нации (ООН), донесена во 1948 година, а која потоа е разработено во Меѓународниот пакт за граѓански и политички слободи и права, потоа Пактот за економски, социјални и културни права, Конвенцијата за забрана на расна дискриминација, како и Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената усвоени од Генералното собрание на Организација на Обединетите нации, Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаменталните слободи на Советот на Европа и Протоколот број 12 кон Европската конвенција за заштита на човековите права и фундаменталните слободи.

Комитетот на министрите на Советот на Европа, соодветно на документите на ООН, во 1950 година ја има донесено Европската конвенција за основните слободи и права на човекот. Како универзален постулат е нагласена забраната на дискриминација врз секаква основа.

Гарантирањето на правото на еднаквост и сузбивањето на секаква форма на дискриминација е највисок стандард во корпусот на основните слободи и права на човекот.

Поимот раса потекнува од идејата за биолошка класификација на човековото постоење поделена на подвидови, кои се пред сѐ засновани врз морфолошки обележја како бојата на кожата или физички особености. Поимот етничка припадност, пак, од друга страна има потекло од идејата за социјална група што се создава како дел од една нација, религија, убедување, заеднички јазик или културолошко потекло и традиција.[1]

---

1) Timishev против Русија, бр.55762/00 и 55974/00, ECHR 2005-XII

Расната дискриминација сериозно го доведува во прашање кредибилитетот на едно демократско општество. Предрасудите и стереотипите како негативни појави се причинители на одбивање и на негирање да се прифатат вредносните системи на другите. Овие појави доведуваат до нееднаков третман на одредена етничка група наспроти мнозинската популација. Расните предрасуди се сè почест облик на ограничување на определени права, а посебно во однос на слободата и несигурноста на личноста и слободата на движење.

Основа на раса е првата основа која беше заштитена со посебен правно – обврзувачки инструмент против дискриминација од ООН и истата покрај полот е најголема заштита во меѓународното право и во националните законодавства.

Етничката припадност често се разгледува како дел од расната дискриминација. Комитетот за економски-социјални и културни права (КЕСКП) ја смета етничката припадност за зштитена основа за дискриминација, а како дел од заштитата од дискриминација на основа на раса и боја на кожата.[2]

Како држава членка на ООН, како и на Советот на Европа, Република Македонија ги има ратификувано овие меѓународни документи и тие се составен дел на домашното право согласно со Уставот на Република Македонија.

Во делот на темелните вредности на уставниот поредок, во Уставот на Република Македонија е утврдено дека основните слободи и права на човекот, признати со меѓународното право се еднакви за секого, заштитата на граѓаните во однос на загарантираните слободи и права се обезбедува независно од полот, расата, бојата на кожата, верата, националното или социјалното потекло, имотната или општествената положба.

Спречувањето и заштитата од дискриминација во остварувањето на правата кои се загарантирани со Уставот на Република Македонија, законите и ратификуваните меѓународни договори, се обезбедува со Законот за спречување и заштита од дискриминација од 2010 година.

Особено значајно е воспоставувањето на механизмот на заштита од дискриминација - Комисијата за заштита од дискриминација, која е основана со овој Закон.

### 1. Општ поим за расна дискриминација

Еднаквоста пред законот е основен поим кој ја контекстуализира забраната на дискриминација.

Иако постојат голем број меѓународни документи, само некои од нив содржат дефиниција на поимот расна дискриминација.

[2] Генерален коментар бр.20 на Комитетот за економски, социјални и културни права, пара19

Дефиниции на дискриминација содржат Меѓународната конвенција за елиминирање на сите форми на расна дискриминација, Меѓународната конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената, Конвенцијата на Меѓународната организација на трудот за дискриминација во поглед на вработувањето и професијата, Декларацијата на ООН за елиминирање на сите форми на нетолеранција и на дискриминација засновани врз религија или уверување, Конвенција за правата на лица со попреченост, Конвенција за образование и слично.

Расната дискриминација како израз се однесува на секакво разликување, ограничување, исклучување, давање првенство што би се засновало врз раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, што има за цел да го наруши или компромитира уживањето, признавањето или вршењето на подеднакви услови на осовните човекови права или слободи на економско поле, социјално, културно или која било друга област од јавниот живот.

Со донесувањето на Декларација за укинување на сите форми на расна дискриминација во 1963 година е утврдена потребата од брзо укинување на сите појави и форми на расна дискриминација во светот, со што би се обезбедило разбирање и почитување на достоинството на човекот.

## 2. Документи за заштита од расна дискриминација

### 2.1. Меѓународни стандарди

Расната дискриминација во својот најширок поим ја опфаќа дискриминацијата на малцинските групи кои својот идентитет го темелат врз јазикот, национално или етничко потекло, религијата, културата.

Овде како најзначаен меѓународно-правен инструмент можеме да ја наведеме Конвенцијата за елиминирање на сите форми на расна дискриминација, која е донесена во 1965 година, а стапи на сила во 1969 година (CERD).

За оваа Конвенција која е најстара и најшироко прифатена меѓународна конвенција на Обединетите нации во областа на човековите права е значајно да се потенцира дека таа претставува единствениот меѓународен документ кој ја дефинира расната дискриминација.

Според оваа Конвенција се дефинираат директната и индиректната дискриминација и се утврдуваат мерки кои државите треба да ги преземаат за заштита. Според Конвенцијата државите се должни расната дискриминација, односно поттикнувањето расна дискриминација да го утврдат како кривично дело и да ги забранат сите организации кои се занимаваат со расистичка пропаганда и потикнуваат расна дискриминација.

Оваа Конвенција утврдува мерки кои државите се должни да ги преземаат за елиминирање на расната дискриминација. Според оваа Конвенција државите се должни:

– да не вршат расна дискриминација против лица, групи лица или институции, да обезбедат сите јавни власти и институции да се придржуваат кон оваа обврска;
– да не ја поттикнуваат, бранат или поддржуваат расната дискриминација што ја вршат лица или организации;
– да ги ревидираат националната и локалната владина политика и да ги променат или укинат законите и прописите кои предизвикуваат расна дискриминација;
– да ја забранат и сузбијат расната дискриминација што ја спроведуваат поединци, групи или организации.[3]

Според Конвенцијата државите се должни на граѓаните да обезбедат фактичка заштита и право на жалба пред националните судови и надлежните органи против какво било дело на расна дискриминација, како и право на надомест на штета во случај на истата.

Со оваа Конвенција е основан Комитет кој го сочинуваат експерти кои се независни за елиминирање на расна дискриминација и вршат контрола на државите во врска со нивно реагирање и исполнување на обврските. Истиот врши оценување на мерките кои ги преземаат државите за имплементација на Конвенцијата. Исто така ги разгледува можните жалби на оние лица кои сметаат дека се жртви на расна дискриминација.

Според Конвенцијата државите се должни расната дискриминација, односно поттикнувањето на расна дискриминација да го утврдат како кривично дело. Исто така државите се должни да ги забранат сите организации кои се занимаваат со расистичка пропаганда и поттикнување на расна дискриминација.

Конвенцијата предвидува широка листа на граѓански, политички, економски и социјални права кои државите се обврзуваат да му ги гарантираат секому под еднакви услови, без разлика на раса, боја и национално или етничко потекло.

Исто така, одредби за забрана на расната дискриминација содржи и Меѓународниот пакт за граѓански и политички права. Во истиот, во членовите 2 и 26 се забранува дискриминација врз основа на расата, бојата или социјалното потекло.

---

[3] Државите членки ја осудуваат расната дискриминација и се обврзуваат со сите соодветни средства и без одлагање да ја спроведуваат политиката што се стреми кон тоа да укине секоја форма на расна дискриминација и да го помагаат разбирањето помеѓу сите раси.

### 2.2. Регионални стандарди

Конвенцијата и Меѓународниот пакт се меѓународни документи со универзална важност, а покрај нив постојат и регионални документи кои содржат забрана на расна дискриминација.

Еден од тие документи е Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи која во член 14 забранува дискриминација заснована врз на пол, раса, боја на кожата, јазик, вера, политичко или кое да е друго мислење, национално или социјално потекло, припадност на национално малцинство, материјална положба, потекло по раѓање или кој и да е друг статус, а во Протоколот 12[4] на Европскиот суд за човекови права е вградена општа антидискриминаторска клаузула со која се забранува дискриминација во поглед на сите права предвидени со законите на договорната страна.[5]

Република Македонија како држава членка на Советот на Европа и на ООН ја ратификува Европската конвенција за основните слободи и права на човекот и согласно со Уставот на Република Македонија тие претставуваат составен дел од домашното право.

Со донесувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација се надополнува законската рамка во Република Македонија во делот на заштитата и спречувањето на дискриминацијата. Механизам за заштита од дискриминацијата е Комисијата за заштита од дискриминација основана согласно овој Закон.

Овој Закон има широк опсег на примена и се однесува на сите правни и физички лица.

Во член 3 од овој Закон се наведени основите по кои се забранети директната и индиректната дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање на дискриминаторско постапување, а во член 19 се наведени основите на дискриминацијата, помеѓу кои и расната дискриминација. Законот се применува од сите државни органи, органи на локалната самоуправа, правните лица со јавни овластувања.[6]

---

4) Рим, 4 ноември 2000 година.

5) Државите членки на Советот на Европа, потписнички на овој Протокол, имајќи го предвид основниот принцип според кој сите луѓе се еднакви пред законот и имаат право на еднаква правна заштита решени да преземат понатамошни чекори преку колективно јакнење на општата забрана на дискриминацијата преку Конвенцијата за заштита на човековите права и основните слободи во член 1 од Протоколот е дадена општа забрана на дискриминацијата и се наведува „уживањето на секое право предвидено со закон ќе биде обезбедено без дискриминација врз која било основа како пол, раса, боја, јазик, религија, политичко или друго мислење, национално или социјално потекло, поврзаност со национално малцинство, имот, раѓање, или друг статус“.

6) Закон за спречување и заштита од дискриминација, Сл. весник на РМ, бр.50 од 13.4.2010 година.

### 2.3. Расна директива

Најзначаен документ кога зборуваме за расна дискриминација во рамките на Европската Унија е Директивата на советот 2000/43/ЕС од 29 јуни 2000 година за имплементација на принципот на еднаков третман независно од расно или етничко потекло или Расна директива.

Оваа Директива е првиот документ од законодавството на Европската Унија усвоен врз основа на член 13 од Договорот за основање на Европската заедница.

Според Расната директива, суштината на овој документ е да утврди рамка за борба против дискриминација заснована врз расно и етничко потекло со примена на принцип на еднаков тертман. Според овој документ за дискриминација се смета и поттикнување на дискриминација врз основа на раса или етничко потекло.

Во Договорот за основање на Европската заедница, член 13 е правна основа за усвојување мерки од страна на Европската Унија за борба против дискриминација врз основа на пол, расно или етничко потекло, религија или уверување, попреченост, возраст и сексуална ориентација.

Со сето тоа се проширува нејзината надлежност во областа на еднаквот врз основа на она што претставува дискриминација врз основа на пол и државјанство, како израз на фундаменталните принципи на недискриминација и еднаквост, што всушност претставува дел од принципите врз кои се темели Европската унија.

Суштината на Директивата е да утврди рамка за борба против дискриминацијата заснована врз расното и етничкото потекло, за да се примени принципот за еднаков третман.

Во неа нема дефиниција на терминот расно или етничко потекло ниту пак расна или етничка дискриминација, но во Премабулата се укажува на тоа дека Европската Унија ги отфрла теориите со кои се обидува да се одреди постоењето на одделни човечки раси.

Една од главните придобивки од Директивата[7] е проширеното поле на примена во случај на дискриминација врз основа на расна или етничка припадност.

За дискриминација се смета и поттикнувањето дискриминација врз основа на раса или етничка припадност.

Меѓу забраната на дискриминација врз основа на расата и националната и етничката припадност, од една страна, и правата на малцинствата воопшто, од друга страна, постои одредено совпаѓање.

Треба да се напомене дека терминот расна дискриминација ја опфаќа и дискриминацијата врз основа на националното или етничка припадност, што произлегува од дуалниот аспект на малцинските права

---

7) За повеќе види на http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=CELEX:32000L0043:EN:HTML

кој ги заштитуваат правата на една група или правата на поединецот како дел од групата.

Исто така и Повелбата за основните права на ЕУ, како документ во кој се содржани одредбите за човековите права, содржи одредби кои се однесуваат на антидискриминација, како и на еднаквоста на граѓаните пред правото.

Во член 21 став 1 од Повелбата се вели дека секоја дискриминација заснована врз која било основа, како што се полот, расата, бојата на кожата, етничкото или социјалното потекло, генетските карактерстики, јазикот, религијата или верувањето, политичкото или друго мислење, членството во национално малцинство, сопственоста, раѓањето, хендикепираноста, годините или сексуалната ориентација треба да биде забранета. Ставот 2, пак, содржи клаузула против дискриминацијата врз основа на националната припадност.

### 3. Европски суд за човекови права

Европскиот суд за човекови права како правна потпора ги заштитува сите оние лица кои сметаат дека некое од нивните основни човекови права им се оспорени или повредени.[8]

Европскиот суд за човекови права е основан со Европската конвенција за човекови права и е со седиште во Стразбур.

Во врска со структурата на Судот можеме да кажеме дека таа се состои од пет оддели, каде што на ниво на целиот суд се избираат претседател и потпретседатели, а двајца од нив се и заменци претседатели со мандат од три години.

Секој оддел избира судски совет кој го сочинуваат неговиот претседател и шест судии. Постои и Голем судски совет кој е составен од 17 члена: претседателот, замениците претседатели, претседателите на одделите и судии кои се подложни за избор на секои девет месеци.[9]

### 4. Судска пракса на Европскиот суд за човекови права

Карактеристично за праксата на Европскиот суд на човекови права е тоа што истиот бара силни причини за да може да се оправда различнот третман на одредена расна група. Во текстот, случајот „Азијати од

8) Судот ја спроведува Европската конвенција за човековите права и негова задача е да следи дали државите ги почитуваат правата и одредбите утврдени со Конвенцијата. Таквата задача Судот ја врши преку разгледување на жалбите, односно апликации што ги поднесуваат физички лица, правни лица или во одредени случаи држави, против други држави – договорни страни на Конвенцијата.

9) Бројот на судии е еднаков на бројот на земји членки на Советот на Европа што ја ратификувале Конвенцијата за заштита на човековите права и основни слободи.

источна Африка против Обединетото Кралство“,[10] Европската комисија за човековите права укажала дека дискриминацијата што се темели врз расата би можела, во одредени случаи, да претставува понижувачки третман согласно со член 3 од Конвенцијата и дека на дискриминацијата заснована врз расата треба да ѝ се придаде посебно значење.

Во текстот, случајот „Молдован и други против Романија“[11] станува збор за прогон на Роми во едно село во Романија. Настанот се одвивал во 1993 година, каде што по убиството на двајца мажи кои не биле Роми, дел од жителите убиле тројца Роми и на свиреп начин им ги запалиле домовите на уште четиринаесет ромски семејства, по што истите биле принудени да го напуштат местото и да живеат во несоодветни услови во разни места низ Романија. Како последица од тие лоши услови за живот, многумина се разболеле од разни заразни болести.

Сторителите на палежите и убиствата биле осудени на казна затвор во траење од една до седум години, за да подоцна бидат помилувани од страна на тогашниот претседател на Романија.

Апликација до Европскиот суд била поднесена откако сите оние тужби за надомест на нематеријална штета биле одбиени, а жртвите добиле само ограничено обесштетување на материјалната штета. Жртвите односно подносителите тврделе дека, всушност, станале жртви на дискриминација поради нивната етничка ромска припадност. По апликацијата, односно на 12 јули 2005 година Судот утврдил повреда на член 3 од Конвенцијата за забрана на мачење, нечовечко или понижувачко постапување или казнување од причини кои вклучувале и расна дискриминација. Како што веќе погоре е нагласено, според Европската комисија за човековите права расната дискриминација претставува, пред сè, понижувачки третман и како таков треба да му се даде особено значење.

Судот овде констатирал дека условите во кои живееле жртвите придонесен од горенаведеното претставувале понижувачки третман во специфични околности на случајот. Па така и едногласно утврдиле дека ромската етничка припадност била решавачка причина за должината и исходот на домашната постапка во која тие барале надомест на штета за своите уништени домови.

Судот се осврнал и врз дискриминаторските забелешки на властите при одлучување за нивните права и одбивањето единаесет години да досудат нематеријална штета претрпена поради уништување на ромските домови.

10) East African Asians v. the United Kingdom, app.no. 4403/70 from 14 December 1973

11) Moldovan and others v.Romania app.no. 41138/98, 64320/01, article 107 g) and 110, European Convention of Human Rights 2005-VII

Посебно треба да се истакне и случајот Начкова против Бугарија,[12]. Во текстот, случајот „Начкова против Бугарија Советот на Судот за првпат нашол повреда на забраната на расна дискриминација од членот 14 во врска со правото на живот од членот 2 на Конвенцијата. Во овој случај станувало збор за двајца Роми - државјани на Бугарија кои биле убиени од воената полиција при обид за нивно апсење.

Имено, при употребата на огнено оружје еден од офицерите искажал расистички мотивирани навреди. По смртта на лицата била спроведена куса и недоволна истрага од страна на државата во која не биле истражувани можните расистички мотиви за убиството.

Европскиот суд за човекови права утврдил дека прекумерната сила употребена во обидот за апсење на двајцата мажи и немањето регулатива за употреба на сила претставуваат повреда на член 2 од Конвенцијата (право на живот), а неспроведувањето истрага за утврдување можни расистички мотиви за убиството ја оквалификува како повреда на забраната за дискриминација од член 14 од Конвенцијата.

Пресудата на Советот во овој случај се оценува како голем чекор напред во борбата против дискриминацијата поради тоа што Судот за првпат во своето постоење нашол повреда на гаранцијата за заштита од расната дискриминација содржана во член 14 од Конвенцијата.

Во образложението на оваа своја историска одлука Судот појаснил дека: „..при истрагата на инциденти на насилство, особено смртни случаи од рацете на официјални лица на државата, државните органи имаат дополнителна обврска да ги преземат сите разумни мерки за да се демаскира каков и да е расистички мотив и да се утврди дали етничката омраза имала улога во тие настани или не. Пропустот да се стори ова и третманот на насилството и бруталноста поттикнати од расистички побуди на ист начин како и случаите кои немаат расистички призвук, би значело замижување пред специфичната природа на актите кои се особено деструктивни во поглед на основните права...“

Меѓутоа Големиот совет на Судот, кој го разгледувал случајот на барање на Владата на Бугарија, едногласно решил дека Бугарија го повредила процедуралниот аспект на член 14 во врска со член 2, а со мнозинство од 11 спрема 6 гласа заклучил дека не е повреден материјалниот аспект на член 14 во врска со член 2.

Големиот совет на Судот ги потврдил повредите на член 2 во врска со убиството на роднините на апликантката од страна на полицијата и отсуството на ефикасна истрага, како и повреда на член 14 во врска со член 2 од процедурален аспект, односно поради отсуството на истрага од страна на бугарските власти.

12) Nachova and Others v. Bulgaria p.no. 43577/98 43579/98, article 157, European Convention of Human Rights, 2005VII

Меѓутоа, Големиот совет не го прифатил приодот на Советот во однос на материјалниот аспект и не нашол повреда на член 14 во врска со член 2 во однос на расистичките мотиви за убиството.

**Заклучок**

Еднаквоста на сите луѓе е право кое е втемелено во меѓународните стандарди со категорична забрана на дискриминацијата врз која било основа. Правото на недискриминација за првпат е востановено со Универзалната декларација за правата на човекот, на ООН, која е донесена 1948 година.

Подоцна истата е разработена во Меѓународниот пакт за граѓански и политички слободи и права, Пактот за економски, социјални и културни права, Конвенција за забрана на расна дискриминација и Конвенција за елиминирање на сите форми на дискриминација на жената кои се усвоени од Генералното собрание на ООН.

Во 1950 година Комитетот на министри на Советот на Европа ја донесе Европската конвенција за основните слободи и права на човекот во која е нагласен универзалниот постулат за забрана на дискриминацијата врз секаква основа.

Речиси сите меѓународни документи содржат одредби за забрана на дискриминација врз основа на расна припадност. Најзначаен меѓународно правен инструмент од универзален карактер во оваа сфера е Конвенцијата за елиминирање на сите форми на расна дискриминација.

Исто така и Европската конвенција за заштита на човековите права и основните слободи забранува дискриминација врз основа на раса, боја на кожата, национално или социјално потекло, регулирано во член 14, а во Протоколот 12 на Европскиот суд за човековите права се забранува дискриминацијата во поглед на сите права предвидени со законите на договорната страна.

Забрана за расна дискриминација како дел од обичајното меѓународно право е задолжителна за секоја држава.

Расната дискриминација се однесува на секакво разликување, ограничување, исклучување, давање првенство што би се засновало врз раса, боја, национално или етничко потекло, што би имале за цел да го нарушат или компромитираат уживањето, признавањето или вршењето на подеднакви услови на осовните човекови права или слободи на економско поле, социјално, културно или било која друга област од јавниот живот.

Во Законот за спречување и заштита од дискриминација, донесен во 2010 година во основите за дискрминација во член 3 од Законот е наведено дека се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување врз основа на пол, раса, боја

на кожа, род, припадост на маргинализирана група, етничка припадност, јазик, државјанство, социјално потекло, религија или верско уверување, други видови уверувања, образование, политичка припадност, личен или општествен стаутс, ментална или телесна попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба или која било друга основа, која е предвидена со Закон или со ратификуван меѓународен договор.

Како членка на ООН и на Советот на Европа, Република Македонија ги има ратификувано овие меѓународни документи и согласно со член 118 од Уставот на Република Македонија се составен дел на домашното право.

## БИБЛИОГРАФИЈА


[1] European Convention on Human Rights, as amended by Protocoles Nos. 11 and 14, supplemented by Protocols Nos. 1, 4, 6, 7, 12 and 13, [online] Достапно на:https://ec.europa.eu/digital-single-market/sites/digitalagenda/files/Convention_ENG.pdf.

[2] International Convention on the Elimination of All Forms of Racial Discrimination, adopted and opened for signature and ratification by General Assembly resolution 2106 (XX) of 21 December 1965, entry into force 4 January 1969, in accordance with Article 19,[online] Достапна на: http://www.ohchr.org/EN/ProfessionalInterest/Pages/CERD.aspx.

[3] Лила Фаркас, Migration Policy Group Брисел, Симеон Петровски: Европски суд за човекови права, Стразбур, (2000), Прирачник за обука на судии за антидискриминациското законодавство, Скопје, Handbook for training judges on anti-discrimination law.

[4] Закон за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РМ, бр.50 од 13.4.2010 година).

[5] Правна рамка за заштита од дискриминација, 2007 година, Скопје.

[6] Прирачник за ефективна имплементација на Законот за спречување и заштита од дискриминација, мај 2011 година, Скопје.

[7] Protocol No. 12 to the Convention for the Protection of Human Rights and Fundamental Freedoms, treaty open for signature by the member States signatories to Treaty ETS 5 - Rome, 04/11/2000, entry into force on 01 April 2005, 10 Ratifications.

[8] Човекови права темелни документи, Педесетгодишнина од Универзалната декларација за човекови права (1948-1998), октомври 1998 година, Скопје.